# EURO ART - INFO

## SCCA - SKOPJE

# 1

ПЕТОК, 14. АПРИЛ 1995.

# EURO ART - INFO
# 1

## EUROPE REDISCOVERED
- Copenhagen

## COULPET 4
- Amsterdam

## HEDENDAAGSE KUNST UIT MACEDONIË
- Brussels

## EUROPE REDISCOVERED
## - Copenhagen

30. октомври - 27. ноември 1994.

Поднасловот на изложбата "Artist as a catalizator of changes" го определува настојувањето да се поставaт нови односи во повторно обединетата Европа. Претпоставена е тема која повторно ја враќа уметноста во средиштето на ангажираниот однос кон стварноста. Изборот на уметници се раководи од принципот кој нуди можност за доживување на една друга култура од сопствената. Така, повеќето од уметниците се избрани заради тоа што живеат и творат во други средини, било по свој избор било по нужност.
Изложбата е дел од глобалниот проект Project for Europe, организиран од Галеријата Nikki Diana Marquardt од Парис. Локациите на следните изложби би требало да бидат оние кои можат да овозможат обединување на разединетите културни подрачја.

## COULPET 4
## - Amsterdam

февруари - март 1995.

**Stedelijk Museum** во циклуси именувани како **Couplet** претставува невообичаен начин на поставување на изложби. Претопувањето на актуелната поставка со претходните и со претстоечката овозможува постојана разновидност на изложбените сали на Музејот. Пример кој го поставува посетителот во постојан однос на споредување. Уметниците, периодите или измите се во една синхрона корелација. Движењето низ салите со тоа станува процес на исчекување, на возбудливото откривање.

## HEDENDAAGSE KUNST UIT MACEDONIË
## - Brussels

18. март - 15. април 1995.

На предлог на г-динот Jonas Ville, Фламаскиот културен центар De Zeyp во текот на месец март и понатаму ја преземе организацијата на изложбата на современа уметност од Македонија. Во овој предлог Станко Павлески и Јован Шумковски го претставуваа делот од ликовната сцена во Македонија. Изложбата е дел од поширокиот проект Land in Sicht 95, кој треба да ја запознае белгиската јавност со рецентните остварувања во ликовната сфера во државите од поранешна Југославија.